РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1259/2
15-04-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 47-та седница одржано на ден 09.04.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4376 од 2019 година, оформен по анонимна пријава бр. 12-4376/1 од 19.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од вработени во ------------------ --------------- ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4276 од 2019 година.

Предметот со број 12-4376 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4376 од 2019 година е оформен по анонимна пријава бр. 12-4376/1 од 19.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од вработени во ------------------ --------------- ---------.

Во пријавата изнесени се наводи против лицето проф. д-р -------- -------------, проректор за -------------- на Универзитетот ----- --------- ----------- -------, за злоупотреба на службена должност поради незаконски стекнати лични приходи по основ на авторски хонорари остварени при извршени проценки во својство на овластен проценител на ------- – ----------------- ------------------------- ---------.

Во конкретниот случај, станува збор за наводи за остварени приходи кои наведеното лице ги пријавило во анкетниот лист доставен до ДКСК како лични приходи стекнати во периодот 2010-2016 година, во висина од 11.972.000,00 денари (194.000 евра) како авторски хонорари и заштеди на девизна сметка во износ од 291.000 евра, а кои приходи биле остварени по основ на проценки извршени од нејзина страна но со ангажирање во својство на овластен проценител на ------- – ------------------ -------------- --------- и за што средствата за извршениот ангажман биле префрлени на лична сметка на наведеното лице, а за истите не биле склучени договори со ----------------- ---------------, со што од страна на ова лице било злоупотребено името на универзитетот и институтот заради остварување на своја лична корист.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Управата за јавни приходи за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на ДКСК е постапено, доставени се бараните податоци и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај, наводите се однесуваат за тоа дека наведеното лице остварило приходи во периодот 2010-2016 година. по основ на авторски хонорари за проценки извршени од негова страна преку негово ангажирање во својство на овластен проценител на ------- – ------------------ ---------------- ---------- и дека средствата за извршениот ангажман биле префрлени на лична сметка на наведеното лице, а за истите не биле склучени договори со ------------------ ----------------. Остварените приходи биле пријавени во анкетниот лист кој бил доставен до ДКСК од страна на наведеното лице, во својство на проректор за ----------- на Универзитетот -------- ----------- -----------, а за кои по извршени проверки ДКСК утврди дека истите се наведени во дел VIII од Анкетен лист број ---------- од 17.10.2016 година.

-Во доставената пријава не се наведува каде биле извршени проценките и од кои правни лица биле префрлени паричните средства за извршениот ангажман, врз основа на што ДКСК би можела да констатира дали и со кого биле склучени вакви договори и по кој основ биле префрлени парите. Поради тоа, ДКСК достави барање до Управата за јавни приходи и побара да и бидат доставени податоци и информации во врска со тоа дали овие приходи биле пријавени во годишната даночна пријава на наведеното лице и дали биле платени даночните обврски по основ на остварените авторски хонорари со прилог документација за остварените прих0ди по овој основ .

-На 16.07.2020 година, добиен е одговор од Управата за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје, со кој се доставуваат податоци за наведеното лице со прилог документација која е верна на оригиналот - годишни даночни пријави за утврдување на персонален данок на доход, кои се однесуваат за периодот од 01.01.2010 година до 31.12.2016 година, како и картица на обврзник за период од 01.01.1997 до 01.07.2020 година. Од увидот во приложената документација ДКСК утврди дека од страна на наведеното лице како физичко лице била испочитувана обврската која даночните обврзници ја имаат како обврска да изготват и поднесат пресметка до Управата за јавни приходи за пријавување на секој одделен вид на доход/приход кој го остваруваат во земјата и во странство во текот на една календарска година односно, дека во годишните даночни пријави за утврдување на персонален данок на доход поднесени до Управата за јавни приходи за наведениот период (2010-2016 година), биле прикажани и приходите кои наведеното лице ги остварило и по основ на приходи од авторски права и за истите биле платени аконтациите за данок на доход, а кој данок на доход бил утврден и со годишно решение на органот за јавни приходи.

-На ден 19.03.2021 година, по барање на ДКСК, одржан е онлајн работен состанок со лицето д-р --------- ---------------, директор на ------------------ ---------------- ---------, а заради разјаснување на наводите од предметната пријава и во насока на продолжување на натамошното постапување на ДКСК по оформениот предмет и донесување на соодветна одлука од нејзина надлежност. За одржаниот состанок изготвена е Службена белешка која е заведена под архивски број 12-1259/1 од 22.03.2021 година и истата е составен дел од документација по оформениот предмет.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека:

- Во предметниот случај по барање на ДКСК постапено е од страна на друг надлежен орган, Управата за јавни приходи, кој ги проверил предметните наводи и доставил податоци - годишни даночни пријави за утврдување на персонален данок на доход поднесени за наведениот период (2010-2016 година) во кои биле прикажани/пријавени и приходите кои наведеното лице ги остварило и по основ на приходи од авторски права и за кои приходи биле платени аконтации за данок на доход, а кој данок на доход бил утврден и со годишно решение на органот за јавни приходи.

-Од податоците и информациите кои се добиени на одржаниот работен состанок, (*кои се детално образложени во службената белешка изготвена за истиот*), ДКСК дојде до следните сознанија:

*„Овластен проценувач" е трговец поединец или трговско друштво кое поседува лиценца за процена за определена област издадена од надлежен министер, што значи дека носител на ваква лиценца можело да биде само правно лице, додека пак „Лиценца за процена" е документ кој бил издаден од надлежниот министер од соодветното министерство со кој се потврдува дека овластениот проценувач ги исполнил условите за вршење на процена за определена област дефинирана во Законот за процена.

*За да едно правно лице ја добиело лиценцата, морало да бидат исполнети неколку законски предвидени услови, а еден нив било и тоа дека правното лице – овластен проценувач морало да има вработено најмалку едно лице/вработен како „Проценувач", односно, лице кое морало да има положено стручен испит за проценувач за да работи од областа на проценката и да поседува уверение за положен испит за проценувач од соодветната област кое било издадено пред барањето на лиценцата за правното лице.

*Во конкретниот случај носител на лиценцата за процена бил ------------------ ---------------- ---------, како правно лице - овластен проценувач кој поседувал пет лиценци од различни области кои ги добил во 2012 година. За добивањето на лиценцата овој Институт го исполнил потребниот услов и пред да ги добие лиценците, веќе имал двајца вработени кои имале положено стручен испит за проценувач и претходно се стекнале со уверение за положениот испит и тоа лицата: д-р ---------- -------------- – проценувач од областа на: - Трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица - Машини и опрема - Информатички технологии - Подвижен имот - Индустриска сопственост и д-р --------- ------------ проценувач од областа на - Информатички технологии.

-Што се однесува до наводите по однос на ангажирањето на пријавеното лице како овластен проценител на --------- – ------------------ ---------------- ---------и дека средствата за извршениот ангажман биле префрлени на лична сметка на наведеното лице, а за истите не биле склучени договори со Институтот, а со што според подносителите од страна на ова лице било злоупотребено името на универзитетот и институтот заради остварување на своја лична корист, констатирано е дека пријавеното лице вршело проценки како вработено лице во ------------------ ---------------- ---------, во својство на „Проценувач", со положен стручен испит за проценувач за да работи од областа на проценката и со уверение за положениот испит за проценувач од соодветната област кое било издадено пред барањето на лиценцата за ова правно лице, проценките се вршеле по барање на заинтересирано лице – нарачател, кои за проценка се обраќале до ----------------- --------------- како овластен проценувач и за што биле склучувани договори меѓу нарачателот и Институтот. Пресметувањето на надоместокот за проценката и исплатата на истиот на проценувачот – вработеното лице се вршело од страна на Институтот по добивањето на средствата за извршената процена кои на сметката на Институтот ги уплатувал

нарачателот и во согласност со интерен акт на Институтот - Правилник за плати и надоместоци кој бил изработен врз основа на Правилниците за плати и надоместоци на --------, а по однос на договори за извршениот ангажман кои биле склучувани преку авторска агенција, па од наведеното произлегува дека наводите во предметната доставена пријава, не се потврдуваат.

Со оглед на сето погоре констатирано врз основа на утврдената фактичка состојба за предметниот случај, а при што е произлезено дека наводите во врска со пријавениот случај не се потврдуваат, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК